| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролетта ни пристигна |
| **Содржина на денот** | Вртелешка со геометриски форми |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Татјана Јовановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за здравите навики кои треба да ги практикуваме секојдневно и одржување на личната хигиена. |
| **Активности** | Детето во секојдневните игри може да ги препознава и именува геометриските форми меѓу играчките и предметите. За да го запознаеме поконкретно детето со геометриските форми, можеме да изработиме форми од картончиња обоени со основните бои или да користиме логички плочки (доколку имаме). Потоа ги именуваме една по една и ги опишуваме.<br>За играта ВРТЕЛЕШКА  потребно е да се направи картон со форма на круг кој на средина ќе има срелка (која се врти), а по крајот се исцртани геометриските форми. Родителот ја завртува стрелката.  Детето треба да го пронајде картончето (или логичка плочка) со формата на која застанала стрелката и да ја именува. Играта завршува кога ќе се потрошат сите картончиња (логички плочки). |